Платена поштарина
МК-1000 Скопје

JUB

# Магазин

## Спектар на новости



- **JUB во Македонија** 10 години
- Фасаден систем **Jubizol Passive**
- **Студио 21D -** Од идеја до реализација
- **JUB Инспирира -** Уникатен изглед

Since
Од година 1875

Година IX
Број 16
Март 2016
JUB д.о.о.е.л Скопје

www.jub.eu

# Вовед

**Во овој наш нов број на JUB Магазин, 16-ти по ред, повторно ќе се обидеме да го задржиме Вашето внимание преку нашите активности, занимливости и рубрики од различен карактер.**




Минатата 2015 година, за нас како JUB во светот беше еден голем јубилеј од 140 години, но оваа 2016 година за нас во JUB Македонија, е посебна поради нашиот мал јубилеј од 10 години на Македонскиот пазар. Во овој број на JUB Магазин, ќе започнеме со интерното дружење, кое секоја втора година се одвива во Умаг – Хрватска. Како навлегуваме во Европската Унија, така мораме да ги спроведуваме и нивните закони како што е законот за Енергетка Ефикасноси и изработка на Пасивни куќи. JUB не би бил JUB, ако не ги следиме трендовите во чекор, па дури и ние самите да го правиме првиот чекор, затоа за оваа 2016 година, имаме да ви понудиме многу интересни нови преоизводи, како и новата амбалажа за некои наши производи, со која истите ќе бидат во иникатен изглед. А уникатен изглед Ви нудиме и со нашите декоративни техники за уникатна обработка на внатрешни ѕидни површини. Како се доаѓа „од идеа до реализација", со помош на нашите материјали ќе ви раскаже дизајнерското студио 21Д ентериери. Ако имате можност да ја обновите Вашата стара фасада, техничко решение ќе најдете во рубриката JUB Енергетска Ефикасност, а во продолжение Ви нудиме решение како да го уредите малиот стан во кој домувате. Секако тука се и нашите референтни објекти во Македонија, можете да ја слушнете бојата со нашите тонови кои Ви ги представуваме, па дури и самите ние вработени во JUB Македонија во овој број ќе ви се представиме, а за крај секако го имаме виножитото од бои кое е достапно за секој од Вас.

Со нови сили, во новата градежна сезона.
Ваш JUB.

Издава: JUB дооел - Скопје
Автори: Катерина Бошкова,
Кузман Стефановски,
Дејан Костов,
Горан Анѓелковски, Кирил Бошков.
Уредник: Катерина Бошкова
Редакциски одбор: JUB дооел - Скопје
Припрема и печати:
Макстен графика - Скопје
Тираж: 3.500 примероци

Адреса: бул. Јане Сандански бр.79а-3
Телефон: 02/ 2454-027
E-mail: jubmagazin@jub.com.mk



# *JUB дружење*

**Нашата компанија JUB, постои веќе 140 години, а тоа се должи на нашето постојано натпреварување како меѓу нас вработените, така и со сите закони кои ги спроведува Европската Унија во нашата бранша, за материјали за завршни работи во градежништвото.**

По повод овој наш јубелеј, повторно се собравме во Умаг, од сите држави каде сме застапени со наши претпријатија да се дружиме и нормално да се натпреваруваме меѓу себе, бидејќи тоа е нашиот водач низ историјата на компанијата. На ова наше дружење нема поразени, само победници, па така и нашата компанија се закити со прво место во спортот кој за нас во Македонија е непознат но сепак интересен, а тоа е „балинчкање". За да го одбележиме нашиот јубилеј, покрај спортовите кошарка, фудбал, балинчкање, бадминтон, тенис и одбојка на плажа, оваа година се воведе и дисциплина во брзо одење на 14.000 чекори за 140 години.














Спортски ве поздравувам...
Не заборавајте, до успех се доаѓа со натпревар, па некогаш и меѓу себе.



# *Фасаден систем*
# JUBIZOL PASSIVE

**Компанијата JUB е прв словеначки производител на контактни топлинско изолациски фасадни системи, која за својот систем JUBIZOL Passive го доби сертификатот PASSIVHAUS институт, чиј основач и лидер е изумител на пасивна куќа д-р. Волфганг Фист.**

JUBIZOL Passive е изведена фасада, која што се применети дизајнирани и оптимизирани елементи за употреба, во пасивни или ниско – енергетски градби. Овие стандардизирани производи најчесто им користат на архитектите, инвеститорите и изведувачите, да можат да конструираат и добијат херметичка градба без ладни мостови.

Зошто е ова важно?

За градбата со пасивен стандард, потребно е да се оптимизира топлината, со исклучително минимални топлински загуби. При градбата и поврзувањето на различните материјали се појавуваат таканаречени ладни мостови, каде што се појавува најголемата загуба на топлината, а со тоа се губи и целиот концепт на пасивна куќа, на вакវите места температурата на внатрешните површини се намалува, и постои можност за појава на површинска кондензација, а со тоа и можност за појавување на алги у мувла.

Процент на загуба на топлината

Процентот на загуба на топлината низ ладните мостови во споредба со старите неизолираните делови на објектот е многу мал, бидејќи најголемата загуба на топлинската енергија настанува кај неизолираните површини (фасада, стреа, дно на објект). Кај новите доброизолирани објекти, или кај топлиско санираните објекти, загубите на топлинската енергија значително се зголемуваат кај овие ладни мостови,

Поради тоа, потенцијалните топлински мостови претставуваат релативно висок процент од вкупната загуба на објектот. За сите места во топлинската обвивка, кои можат да претставуваат ладен мост, потребна е дводимензионална пресметка на пренос на топлината, каде што линеарното термичко пренесување Ψ на секој дел во пасивни куќи не треба да ја надмине вредноста од 0,01 W / mK.

Ако, поради различни причини (геометриски термички мост, статички барања, итн) назначените детали од овој критериум не се постигнат, тогаш е потребно да се земат во предвид при пресметката на термичките карактеристики на објектот, на пример. најчестиот оперативен програм за пасивни објекти PHPP. На овој начин, пресметката ја проверува опасноста од појава на алги и мувла. Пример за нумеричка пресметка на протокот на изотерми во делот е прикажан на слика 1.




3

површината на стреата





Користење на поедноставни методи за да се утврдат загубите преку топлинските мостови во ниско-енергетски и пасивни куќи се обесхрабрувачки. Да ги погледнеме техничките правци »TSG-1-004: ефикасно користење на енергијата«, на топлински мостови со линеарен коефициент на топлинска спроводливост Ψ > 0,2 W/(mK) што значи дека треба да се избегнува преку исправка на планираните детали или да покажат дека водената пареа во областа на топлински мостови не кондензира.Ако сите топлински мостови имаат линеарно топлинско пренесување Ψ <0,2 W / (mK), нивното влијание може да се земе во предвид на едноставен начин, преку зголемување на топлинска изолација на целата обвивка на зграда од 0,06 W / (m2K).

Пример за пресметка со PHPP – програм за пасивни објекти
Со програмот PHPP си пресметува на пример, како во пасивна куќа, да го земеме в предвид ефектот на топлински мостови на едноставен начин од горенаведените упатства.
Ова е пример за една куќа со корисна површина од нешто помалку од 170 m2, со просечна топлинска спроводливост на обвивка U = 0,165 W/(m2K) ако предвидиме дека нема ладни мостови. Оваа вредност ја представуваме како ΔU = 0,06 W/(m2K) заради поедноставна, добиваме просечна топлинска спроводливост на обвивката од U = 0,225 W/( m2K), што представува приближно зголемување од 36%. При тоа годишната потребна топлина за загревање на објектот се движи од 9,91 kWh/(m2a) на 20,10 kWh/(m2a), кај овој пример објектот не би се сврстил во пасивна куќа (критериум < 15 kWh/(m2a)). Одредени, релативно мали топлински мостови при вградување на прозори, практично не е возможно да се избегнат (состојбата за пасивна куќа е топлинската спроводливост при вградување на прозорци да биде помала од 0,85 W/(mK)), сепак, сé уште постои мал пораст на годишната потребна топлина за загревање на објектот, во случај на вградување на прозори со просечна Ψ = 0,04 W/(mK), во споредба со сегашната куќа која има 11,35 kWh/(m2a). Заради поголема прегледност изготвена е табела со збирни резултати бр.1

| | Просечна топлинска спроводливост на обвивката на објектот W/(m2K) | Потребна годишна топлина за загревање на објектот во kWh/(m2a) |
|---|---|---|
| Почетна варијанта, објект без топлински мостови | 0,165 | 9,91 |
| Топлински мостови во предвид со поедноставен метод во TSG-1-004 | 0,225 | 20,10 |
| Топлински мостови при вградување на прозорци | 0,174 | 11,35 |

Табела 1: збирни резултати

Без топлински мостови со JUBIZOL Passive
Освен за горенаведените конвенционални мали термички премостувања, при вградување на прозорците, но со внимателно планирање на обликот на објектот може целосно да се избегнат другите топлински мостови. Конструираните делови од JUBIZOL Passive системот, нудат решенија за сите најтипични појави на ладни мостови, како што се:
• Поврзување на покривот со ѕидот (рамни покриви, коси покриви);
• Статично поврзување на надворешната обвивка на објектот (пр. Поврзување на меѓукатните армирано – бетонски плочи со ѕидовите);
• Вградување на прозорци (со и без капаци, француски прозорец во контакт на земјата);
• Продорите на топлинската обвивка во подрумите (внатрешни и надворешни ѕидови);
• Контакт на ѕидовите со темелот или основната плоча.

JUBIZOL Passive фасадниот систем е наменет за масивна градба на индивидуални куќи и згради за домување, како и за деловни и индустриски објекти, погоден е за новоградби, за санација на постоечки објекти. Изолациската облога во фасадно топлинско изолацискиот систем JUBIZOL Passive се плочи од графитен експандиран полистирен. За пасивна изведба можни се следниве JUBIZOL фасадни ситеми:
• JUBIZOL Strong;
• JUBIZOL Premium;
• JUBIZOL EPS.
Повеќе за ова, можете да најдете на www.jub.eu.





## Новини во производната програма и редизајнирање на амбалажата кај производите за керамика

Со цел на своите ценети потрошувачи да им понуди најдобри решенија и производите за завршни работи да ги направи уште подостапни за нив, JUB ја дополни постоечката линија производи со воведување на нови производи и редизајнирање на амбалажата.

Редизајнирање на амбалажата е направена кај производите за керамика, односно лепилата и масите за фугирање ги здруживме под трговската марка AKRINOL (слика 1), а масите за хидроизолација ги здруживме под трговската марка HYDROSOL(слика 2).

Воедно на предната и бочните страни на амбалажата на овие производи сликовито преку пиктограми дополнително е појаснет производот, за да може купувачот поедноставно да види точно за каков производ се работи и дали истиот ги задоволува неговите барања.




слика 1




слика 2




слика 3




слика 4




слика 5




слика 6




слика 7





слика 8



слика 9


слика 10


слика 11

ПИКТОГРАМИ:
-слика 4..... означува водонепропустливост на материјалот
-слика 5......означува дека лепилото е погодно и за површини со подно греење
-слика 6 .....означува дека лепилото е погодно и за лепење врз стара керамика (плочка на плочка)
-слика 7...... означува еластичност на материјалот
-слика 8 ..... означува дека лепилото е наменето за екстремни напрегања
-слика 9 ..... означува дека материјалот е отпорен на појава на алги и мувла
-слика 10.... означува дека лепилото е погодно за внатрешна и надворешна употреба
-слика 11.... означува дека лепилото е погодно само за внатрешна употреба

Воедно мала промена во имињата на производите е направена кај лепилото за керамика AKRINOL кое сега има ново име AKRINOL CLASSIC, хидроизолациската маса HIDROZOL сега со ново име HYDROSOL CLASSIC, а масите за фугирање FUGIRNA MASA 1-10 и FUGALUX сега со нови имиња AKRINOL FUGAMASS и AKRINOL FUGALUX.
Имено стандардната маса за фугирање FUGIRNA MASA 1-10 (AKRINOL FUGAMASS) е реформулирана со што производот е подобрен во делот на замешувањето и на водоодбивноста.

Заедничко за фугирните маси AKRINOL FUGAMASS и AKRINOL FUGALUX е тоа што ќе има нова и заедничка тон карта, односно нијансите во новата тон карта ќе важат и за AKRINOL FUGAMASS и AKRINOL FUGALUX, ќе има вкупно 20 од кои 9 ќе си ги задржат истите броеви и нијансите, а 11 ќе бидат нови нијанси (ANTRACITE, GRAPHITE,.... изменитe се означени со NEW, слика 12).



слика 12



На пазарот наскоро ќе се најде уште еден нов производ од групата производи за керамика односно новата дисперзна фугирна маса наречена AKRINOL FUGA-MIX.

AKRINOL FUGAMIX како нов производ ги има следниве карактеристики;




- готова (спремна) маса за директно фугирање,
- подеднакво (униформно) се суши,
- лесно се аплицира,
- добро се чисти,
- 10 пати е поеластична од обичните (цементни) и епоксидните маси за фугирање,
- најпогодна за термички и физички оптоварени површини како базени, балкони, тераси,..
- можност за директно (компјутерско) нијансирање на нашите микс системи,
- пакување: 3kg во 2lit. амбалажа со фолија која спречува сушење .

Во делот на основните премази на пазарот веќе е лансиран новиот производ JUB BETON KONTAKT наменет главно за премачкување на сите видови градежни подлоги пред нанесување на машински малтер.

JUB BETON KONTAKT е основен премаз со грубо полнило кој ја зголемува рапавоста на површината и овозможува подобро прифаќање на малтерот.

Премазот го изедначува впивањето на вода од страна на подлогата, малку ја зголемува нејзината водоодбивност, ја врзува прашината и другите слабо врзани делови кои не се одстранети со чистењето.

JUB BETON KONTAKT како премаз освен на бетонски е тестиран и на други подлоги каде покажал одлична адхезија (прифаќање за подлогата), па може да се употреби и како премаз преку;

- ОСБ плочи,
- Влакноцементни плочи,
- Медијапан.

Воедно како премаз погоден е и за натамошна обработка за:

- глетување,
- нанесување на лепило за стиропор или за керамика,
- нанесување на декоративен завршен малтер.

Од основните премази на пазарот оваа година ќе биде достапен уште еден нов производ со трговско име AKRINOL SUPER GRIP.




AKRINOL SUPER GRIP претставува специјален основен премаз со пофина гранулација од стандардниот VEZAKRIL или JUB BETON KONTAKT со многу голема адхезија (прифаќње за подлогата) што може лесно да се утврди кога се лепи нова врз стара керамика (плочка на плочка) за што материјалот е посебно погоден, односно како најпогоден за површини кои не се впивливи и се исклучително мазни.

Материјалот е доста отпорен и при потопување во вода, односно лесно не се одлепува од подлогата што не е случај со останатите слични на него основни премази.



Поради пофината гранулација глетувањето (израмнувањето) на површината е полесно и побрзо бидејќи е потребно израмнување со помалку наноси за разлика од погрубите слични премази.
Употреба: се употребува за внатершни и надворешни површини.
Пакување: пакувањето е во кантички од 2kg.
Потрошувачка: количината од 2kg е доволна за да се премачкаат околу 20 m2 површина.




JUB во својата производна програма минатата година го промовираше новиот завршен малтер наменет за зимскиот период наречен Jubizol Unixil Winter finish и адитивот за него, а сега го комплетиравме т.н WINTER пакет со НОВ производ наречен JUBIZOL LEPILNA MALTA WINTER односно лепило и основен малтер за употреба во зимски размери со поизразена влага во воздухот (< 90%) и температури до -$10^0$C.
Производот во себе содржи специјални додатоци кои имаат улога да го забрзаат процесот на врзување на цементот и да го забрзаат стврднувањето, со што за пократко време се постигнува почетната цврстина на лепилото.
Материјалот го карактеризира и следново:
- подготовка/мешање на лепилото со топла вода со температура од околу $25^0$C,
- приготвеното лепило мора да има температура од најмалку $10^0$C,
- вградување на незамрзната подлога (над $0^0$C),
- пократко отворено време на вградување.

Пакувањето е во вреќи од 20kg.




За оние купувачи кои во сопствениот простор сакаат сами да создадат "нови бои" новината што во минатата 2015 ја најавивме а сега во тековнава 2016 ќе ја реализираме е обновената генерација на DIPI средствата за нијансирање, односно новите атрактивни шишенца DIPI Super color чија што понуда покрај стандардните 9 е проширена со уште 4 нови атрактивни нијанси, односно циклама, корално црвена, ф'стак и бело кафе.
Средството за нијансирање сега е посилно, односно овозможува добивање на посилен интензитет на конечната нијанса



JUB | JUPOL

*Имате проблеми* ***со алги и мувла*** *на внатрешните ѕидови?*







## Решение во 3 чекори:

**1.** *Со мокра крпа добро се брише заразената површина*

**2.** *Кога ќе се исуши, површината се прска со Algicid Plus*




**3.** *По 8 до 12 часа, кога површината потполно ќе се исуши, се пребојува.*





# *JUB инспирира*
# УНИКАТЕН ИЗГЛЕД

**Најчесто прашање од страна на инвеститорите со кое се соочуваме како техничка служба во JUB е: Што мислите каква нијанса да бидат ѕидовите?**

Сите сме свесни дека боите во голема мера влијаат на нашето расположение, даваат посебен амбиент во просторот во кој живееме или престојуваме.

Но, освен "обичното" бојадисување на ѕидовите честопати сакаме нешто повеќе. Многу поголема промена во просторот може да се добие со некоја од ѕидните техники на JUB кои буквално на ѕидот можат да му дадат нова димензија и изглед.

Компанијата JUB посебно внимание посветува на ефикасноста на декоративните техниките, со основи од старите мајстори во периодот на барокот, ренесансата па дури и од древните цивилизации. Благодарение на современите материјали чии состав е резултат на долгогодишно истражување во современите лабаратории кои JUB ги поседува и големиот број на професионални декоратери. JUB DÉCOR производната линија која е специјализирана за декоративни материјали денес произведува материјали со кои се добиваат најразлични текстури и изгледи како што се; мермер, текстил, камен, злато, дрво и многу други кои наоѓаат примена како во внатрешниот ентериер така и за надворешна употреба за реставрација на фасади кои се од културно богатство и модерен изглед на фасади кој е во согласност со времето во кое живееме. Компанијата JUB посветува големо внимание за своите вработени кои постојано своето знаење и вештини ги унапредуваат преку различни обуки и презентации.

Со цел валоризација на ѕидовите како главен елемент на дизајнот на ентериерот JUB предлага широк спектар на бои и техники, кои се резултат на истражување и експериментирање, под влијание на желбата на инвеститорите и дизајнерите, кои доведуваат до нови трендови.

Со вистински избор на нијанса и структура, вашиот стан во склоп со мебелот може да добие сосема нов изглед. Само еден внимателно избран ѕид може да придонесе за уникатност на целиот простор, со поврзување на останатите елементи може на се добие прекрасен изглед кој можеби се уште не сте го замислиле за вашиот стан.

JUB Скопје на територијата на Македонија секогаш е присутен за бесплатна техничка поддршка која во согласност со инвеститорите, проектантите, архитектите и изведувачите ќе придонесе за најефикасно решение.





# *Од идеја до реализација*

**Идеја – реализација. Суштината на секоја идеја е начинот на кој истата ќе се реализира**

Дизајнот на ентериерот е многу повеќе од добро испроектиран простор. Дизајнот на ентериерот е уметност. Уметност во која ние секојдневно живееме твориме, престојуваме.. Простор кој ни пренесува чуство, простор кој ни пренесува значење.





Како ентериерно студио, кое се занимава со проектирање и изведба на ентериери, од најголемо значење ни е секогаш да создадеме уникатен ентериер кој е изведен и реализиран квалитетно и доследно на идејниот концепт. Идејата ни беше да направиме модерен и урбан простор. Простор кој го раскажува времето во кое живееме низ призмата на современиот човек. Ентериер кој ги поместува границите на стандардот. Концепт на чисти и дефинирани геометризирани површини, оплеменети со чисти и јасни – контрастни бои. Бојата е битен фактор во секој ентериер. Ѕидот е граница која ограничува простор, а бојата е таа која му дава карактер, додека декоративните обработки на JUB се оние кои просторот го претвараат во уметност. Уметност – боја, текстури, чувство...



Во процесот на реализација од големо значење и помош ни беше и сеопфатната презентација на JUB на која имавме чест да присуствуваме и да се запознаеме со широката палета на производи на JUB. JUB боите и текстурите ни овозможија да го постигнеме саканиот ефект. Од професионалниот JUB тим покрај советите и консултациите во врска со изборот на најсоодветните обработки добивме и комплетна навремена и квалитетна реализација и изведба на одбраниот декор. Истиот совршено се вклопи во целиот концепт предвиден за Lounge bar MARI, Велес, а резултатот го надмина очекуваното.
Студио 21Д ентериери







# Како да се обнови старата фасада, *и да се подобри топлинската изолација?*

**5 или повеќе cm дебелина на топлинската изолација, пред неколку години беа доволни за надворешно да се заштити објектот, ова ни приближно не ги задоволува потребите од Правилникот за топлинска изолација на заградите и енергетска ефикасност.**



Сопствениците на објектите се одлучуваат на доизолација на истите поради следниве причини:
- топлинска заштита на објектот во зимниот и летниот период;
- заштита на градежната конструкција поради пропаѓање на истата под влијание на атмосферата;
- да се спречи појавата на ладните мостови, кои се причинител за појава на ѕидни алги и мувла на објектот;
- подобрување на надворешниот изглед на објектот, заради естетски причини;
- создавање на попријатни услови за живот во објектот;
- значителен придонес за заштита на животната средина;
- температурата во објектот не варира занчително, поради добрата енергетска акумулација;



• фасадната изолација нуди одлична звучна заштита на објектот;
• се намалува потрошувачката на енергија. Со вградување на топлинско изолационот систем JUBIZOL и со доволна дебелина на изолациски материјали, потребите за греење на објектот се малалуваат и до 40%.



Најважни одредби кои треба да се почитуваат:
• технички упатства за енергетска ефикасност;
• техникчи упатства за заштита од пожар во зградите;
• основни правила за превземање на заштита од ветер.
Проектот за вградување на нова фасада започнува од преглед на објектот од страна на стручно лице, избор на изведувач, до вградување на системот под контрола за извршената работа. Во JUB препорачуваме надзор на изведбата за целото време на извршување на работите, со цел да се спречи несистемското вградување на материјалите.
Активност и размислувања пред почетокот на работата:
• внимателно да се прегледа моменталната состојба на објектот – прифаќањето на сите постоечки слоеви;
• добивање на сите потребни градбенофизички пресметки;
• добивање на скица за дополнително сидрење на изолациските облоги за постојаност на ветер – задолжителна изведба на pull off тест;
• добивање на технолошко вградување на дополнителен слој на топлинска изолација, да се завршат сите предвидени санациски работи (во предвид да се земат сите материјали);
• добивање на решение за сите детали – балкони, фасадни отвори, огради ...
• да се изработи шема за изработка на санацискиот дел на фасадата;
• добивање на техничко решение за најдобриот начин за намалување на ладните мостови.
Фази на подготвителните работи:
• одстранување на сите распукнатини, подувувања и слабо врзани делови на фасадата;
• миење на фасадната површина под висок притисок на млаз вода;
• дезинфекција на измиените површини – по потреба;
• изработка на противпожарна бариера – кај повеќекатните објекти;
• поправка на сите оштетени делови од декоративниот малтер со реновирен малтер (на местата каде што е тоа потребно);





Вградување на топлинскоизолациониот систем на веќе топлинско изолирани фасадни површини:

• нанос на основен малтер;
• лепење на првиот ред на изолациски плочи;
• лепење на плочите по целата површина (нанесување на лепак на задната страна на плочите);
• по потреба се вградуваат дилатациски профили;
• сидрење;
• употреба на нормални или подолги сидра;
• изработка на основниот малтер, завршен малтер.



# Секоја куќа заслужува фасаден систем JUBIZOL.

ДО 25 ГОДИНИ ГАРАНЦИЈА

ДО 40% ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈА

БЕСПЛАТНО СОВЕТУВАЊЕ СО АРХИТЕКТ И ТЕХНИЧКО ЛИЦЕ



## Фасадни системи со 45 годишна традиција.

Купувањето фасада е паметна инвестиција, која ќе Ви се врати преку пониски трошоци за греење и ладење, како и преку зголемената вредност на Вашата недвижност.

**Погледнете ги нашите производи и предностите на JUBIZOL фасадните системи во нашите каталози и на www.jub.eu**

**Побарајте совет на: 02 2454 027, или на jub@jub.com.mk**

JUB

JUBIZOL

*Фасадни системи по мерка*



# 40 совети *како рационално да се искористи просторот во мал стан*

**Малиот стан е шармантен, симпатичен, интимен, лесен за одржување, се чисти за брзо време. Овие реченици се чести кога се тешиме сите ние кои со години живееме во мал стан. Да бидеме реални, листата на позитивни и негативни работи кои ги имаат малите станови, сепак преовладуваат негативните, и тоа само заради една причина – малите станови едноставно нудат премал простор за сите потреби и желби на неговиот корисник.**

Просторот е луксуз, тоа го знаат сите оние кои поради плус некој квадрат во просторот кој ќе им овозможи по комотен и по комфорен живот, земаат кредити на уште плус 5 – 6 години. Трособен стан од 50 квадрати, тоа е злостор, ќе кажат стручњаците и ќе бидат во право, затоа што е навистина не хумано да се живее и порасне во мала соба, без разлика колку и да е просторот финкционално искористен. Но, да бидеме реални, многу луѓе живеат во такви станови, па дури и во помали, проблемите се следни: поради мал простор за сместување на работите, истите мораат да се фрлат, креветите за спиење секој ден треба да се спуштаат и креваат, садовите мораат редовно да се мијат инаку станот изгледа како да паднала бомба, сезонската облека мора да се однесе кај родителите, нема простор каде набрзина ќе се скријат работите, затоа што дошле ненајавени гости, нема вистинска трпезариска маса, нема посебна соба за спиење... Се препознавате ли некаде? Затоа прочитајте што ви советуваат стручњаците, архитектите, дизајнерите и луѓето кои имаат долгогодишно искуство со малите станови.

Прв и основен преоблем е каде да ги сместиме работите? Една од варијантите е сé што не ви е потребно да го исфрлите: старите обувки, облеки, книгите земајте ги од библиотека, од постелнини имајте само три комплета, а пешкири само толку колку ви е оптимално потребно. Наместо големи сервиси за јадење, големи чинии и чаши имајте два пати повеќе од бројот на луѓе кои живеат со вас во станот, така да ако во станот живеете двајца, тогаш ви се потребни четири, плитки, длабоки и мали чинии, а четири, чаши, вилушки, лажици...

Освен тоа што елементите во кујната ќе ви бидат помалку на број, и кујната нема да може да се пренатрупа од не измиени садови. Со ваков начин на користење нема ни да ви биде потребна машина за миење садови, а поради тоа просторот во кујната ќе ви се ослободи за околу 60 сантиметри. Можеби ваквиот предлог ќе ви се чини малку претеран, но треба да се знае дека во малите станови секој сантиметар е важен, и дека добрата организација е клучна за удобен живот во него. Советот наш е дека пред вселување во нов мал стан, најнапред треба да ги проанализираме навиките, желбите и приоритетите.

Треба да се запрашате колку долго ќе живеете во овој стан? Дали ќе живеете со партнер, деца или тоа е само привремено место за живот? Едно од клучните прашања е како да се организира спиењето. Ако во станот има посебна спална соба, тогаш отприлика е сé јасно, но ако нема, основното прашање е дали да се купи кревет на влечење и станот да се уреди како голема дневна соба, која ноќе ќе се адаптира во спална соба или ќе се пронајде друго решение. Советот на стручните лица е да се одлучите дали сакате нормален кревет, а не кревет на влечење, што значи дека е неопходно да се направат преградни ѕидови кои дополнително ќе го намалат просторот. Местото за спиење може да биде одделено со полица, лизгачки ѕид или некој друг вид на прегарада, а може истиот да се смести и во плакар по примерите на филмовите од шеесетите и седумдесетите години.





Има многу идеи и можности како да се организира животот во мал стан, но едно е сигурно, животот во ваков стан бара многу компромиси, одрекување и модифицирање на желбите, па дури и промена на однесувањето. За животот во мал стан да не ви стане ноќна мора, најважно е да се стане практичен, систематичен и уреден, а при изборот на секој дел од мебелот кој ќе биде во станот, освен естетиката мора да се внимава и на функционалноста, т.е. мултифункционалноста. И секако клучните работи кој го спасуваат животот во мал стан.

Ако купувате маса, гледајте истата да може да се зголеми и да се направи трпезариска маса или биро или пак во него можат да се стават: весници, списанија и други елементи за кои нема да морате да купувате дополнителен мебел кој би ви зафаќал дополнителен простор. Мултифункционално, практично и не многу големо, овие се зборовите кои секогаш треба да ги имате на ум кога уредувате мал стан, а пропратно со ова морате да ја имате во предвид и висината која треба паметно да се искористи, па затоа ви препорачуваме да си најдете квалитетен столар. Тој знае да ви направи функционални елементи за кујната по мерка, да изработи ѕидни полици, плакар за обувки од ѕид до ѕид...

Но, на кои начини можете да го уредите малиот стан? За тоа ќе мора да ги прочитате нашите 40 практични совети.

Намалете ги непотребните ходници, во бањата наместо класична када, ставете туш кабина, кујната нека ви биде минималистиичка...



1. Како да се уреди мал стан пред сé зависи од тоа за кого се уредува. А советот број еден е, уредете го според бројот на луѓе кои живеат во него, нивните навики и потреби.

2. Според тоа колку луѓе живеат во него и каква е перспективата на тој стан, дали станува збор за гарсоњера или еднособен стан во кој спалната соба е и дневна доба со кревет на влечење, тогаш станот планирајте го како привремено решение во кој може да живее самец или пар, но никако родители и деца. Ако имате таков стан наш совет е да го уредите убаво и луксузно, но секако не прескапо, така што во моментот кога ќе одлучите овој стан да го замените за поголем, нема да ви биде жал истиот да го изнајмите.

3. Во малите станови многу е важен функционалниот распоред. Тоа значи да станот биде испроектиран така што да има правилен однос помеѓу поедините функционални групи како што се дневанта соба, спалната, кујната во однос со трошење на простор на не битни поврзувања и ходници.

4. Внимавајте сите делови на станот, т.е. сите простории да бидат пропорционални. Во мали станови избегнувајте преголеми кујни и бањи.

5. Искористете го секој сантиметар од станот и задолжително одлучите се за мебел изработен по мерка.

6. Купете ги сите можни списанија за уредување и означете ги оние делови кои ви се допаѓаат. Добрите столари би знаеле да ви изработат нешто слично што би ви одговарало во просторот на вашиот стан.

7. Едно од најважните правила за добро искористен простор во мал стан е како да се постигне флексибилност т.е. да се трансформира во само неколку чекори кои одземаат и неколку минути. За тоа многу ќе ви помогнат



преградите, полиците, лизгачката врата со која за еден миг може да се открие или сокрие работниот простор, спалната соба... За одделување на просторот препорачуваме да се користат најразлични видови на паравани, лизгачки врати и полици што е многу поедноставно отколку да се направи фиксен ѕид.
8. Ако имате гарсоњера, испланирајте брзо и едноставно трансформирање на просторот од дневна во ноќна варијанта и обратно.
9. Послужете се со најразлични трикови за криење на креветот во плакарот. Кога е склопен, креветот не зазема многу простор, а со едноставено движење се отвара и се претвара во спална соба.
10. Принципот на трансформирање применете го секаде каде тоа е возможно. Одличен избор е купување на флексибилна маса која има можност да се менува висината и со тоа сте добиле трпезариска но и клуб маса за дневна соба.
11. Купете си лап – топ. А ако од било која причина морате да имате работна маса, сместете ја во плакар или закачете ја на ѕид, како би можела истата да се отвара и затвара зависно од тоа дали работите или имате гости. Ваквата работна маса нема на никому да му смета, а со правилно распоредување на светлата може да биде и корисена.
12. Ако има голема висина во станот (најчесто во старите градски градби), тогаш просторот може да се искористи и во висина, да се добие галерија која според потребите може да служи и како спална соба, место за одмор со книга или остава за различни работи.
13. Кујната нека биде со мали димензии, зошто и претпоставката е дека во мал стан нема да се подготвува вечера за големо друштво. Не е лошо да се размисли за мала плоча за готвење и да не се стави машина за перење садови. Но, тоа е сепак индивидуална навика.
14. Не заборавајте, во малите станови никогаш нема доволно место за сите работи, и верувајте истите со текот на годините се зголемуваат. Предвидете многу полици и плакари, без разлика на тоа колку луѓе живеат во станот.
15. Мебелот не смее да биде премасивен, за да не го затвара просторот, тој мора да биде убаво испроектиран, така што визуелно нема да го скратува просторот. Сигурен избор ви е белиот мебел изработен до таванот.
16. Секако набавите квалитетен аспиратор, кој ќе ги собере сите мириси од готвењето. Исто така кујната може да се направи во склоп со вградените плакари, што е многу интересно затоа што има можност да се затвори, а со тоа и станот изгледа поуреден.
17. Често, наместо класична трпезариска маса, кујната се изработува со шанк кој пак служи како место за ручање, а во едно има и улога на работна маса.
18. Креветите на спрат, рационално го искористуваат просторот, варијантата кревет горе, а работна маса или плакар под креветот, исто така е добродојдено решение за искористување на просторот во мал стан.
19. Ако се преградува станот со цел да се добие дополнителна спална соба, треба да се внимава во преградениот дел да има природно осветлување и проветрување. Потребно е да се обезбеди доволна количина на светлост, која за возрасни изнесува околу 15 $m^3$, од што произлегува дека минималната површина на собата мора да биде 6$m^2$.
20. Во бањата често се штеди просторот. Исфрлување на бидеата, вградување на помал умивалник, помала машина за перење алишта, вградување на туш кабина наместо класична када, ова се честите решенија за ефикасност во бањата.
Не претерувајте со многу огледала и со темни и јаки бои.
Организирајте го просторот во различни висини и со својот столар креирајте мултифункционален мебел по мерка. Користете светли бои и немојте да боите по некој мал екстравагантен детал.
1. Помирете се со вистината дека во мал стан неможете да ги ставите сите ваши работи и дека сé мора да биде мало и функционално. Пример ако нема место за одвоена соба тогаш навикнете се да спиете во конкретен кревет кој ќе го користите во дневната соба, а станот да го користите со комотна дневна соба во која ќе има тросед и фотеља.



2. Вклопите го планот на станот на хартија, тродимензионално, затоа што така ќе добиете точна претстава кои работи каде можат да стојат и кои делови од станот како би можеле подобро да ги организирате да го користите просторот во станот.
3. Организирајте користење на просторот во различни висински нивоа, на пример организирајте фиоки под зоната на дневната соба.
4. Доколку предност давате на спиење во класичен кревет, истиот можете да го подигнете на висина од околу 150cm од подот (или повеќе доколку просторот дозволува), а под него можете да организирате гардеробер.
5. Просторот може да се заштеди и ако трпезариската маса се организира како составен дел од кујната, па може да послужи и како работна маса во процесот за подготвување на храна.
6. Креирајте мултифункционален мебел, можеби едноставен за потребите на вашиот простор, пример ормар за телевизор, кој лесно може да се пртвори во трпезариска маса.
7. Доколку сакате да го одвоите просторот, а немате можности за фиксни ѕидови, истото направете го со лизгачки панели. На пазарот ги има во повеќе варијанти и ценовни категории и можат да бидат исклучително луксузен и ефектен детал во малиот стан.
8. Евтината варијанта на преградување на просторот со роло завеси, кои се монтираат на таванот,а спуштањето на истите може да направи атрактивна визуелна бариера помеѓу различните простории.
9. Ако земете тросед на пуштање, што е многу често и вообичаено решение, не штедете на него и купете квалитетен модел со механизам и душек наменет за секојдневно користење. Никако не земајте модел кој е замислен така да на истите перници кои преку ден се седи, навечер да се спие.
10. Вообичаено правило е во малите простории да се користат светли бои, што е точно и мора да се смета на тоа. За да ја избегнете монотонијата, а да останете верни на овој принцип, најдете ѕид кој ќе можете да го пребоите во интензивна нијанса која ве инспирира и која ви е омилена.
11. Плакарите и полиците организирајте ги да се користат до таванот, а за користење на највисоките полици поставете лизгачки скали. Ваквите делови се атрактивни и за мали и големи простории.





12. Немојте да се плашите од големите парчиња на мебел, затоа што тие ќе допринесат за комплетност на станот, додека пак повеќе а помали делови, најчесто визуелно го расцепкуваат просторот. Треба да се има впредвид, дека во малите станови функционалните елементи и онака изгледаат дека се раштркани во просторот, така да истите е добро да бидат едноставни.
13. Внимателно со огледалата. Тие се одличен ефект за зголемување на просторот, рефлектираат светлост, но премногу рефлектирачка светлина во просторот може да делува агресивно.
14. Не се плашете да одберете некој „откачен" на прв поглед дел од мебел, потребно му е на него да му се остави доволно простор за да дојде до израз и така да му даде на станот посебна карактеристика.
15. Во мала бања често е практично решение наместо да се стави класична када, таа да се замени со мала но симпатична туш кабина.
16. Не заборавајте на осветлувањето. Организирајте го палењето на светлата во различни зони, осветлете ги деталите кои сакате да ги нагласите, оставете можност за комплетно или индиректно осветлување во просторот.
17. Одберете или изработете огледало за во бањата, кое пак позади него ќе има простор за складирање на потребната козметика.
18. Преку целиот ѕид од подот до таванот, направите плиток плакар. Така ќе добиете многу простор за сместување на шишиња, чаши, средства за чистење, тоалетен прибор... а самата просторија нема многу да се намали.
19. За прозорците одберете завеси со едноставен крој. Идеално е завесите да бидат по целата висина од под до таван. Лошо избраните завеси, малиот простор можат дополнително визуелно да го затворат, што за жал е многу честа појава.
20. Не заборавајте дека малиот стан не е секогаш неуреден и пренатрупан. Тој може да биде прекрасно место за домување, ваша креација, и инсипарија за вас и вашите пријатели.

JUB JUPOL

## *Имате проблеми **со дамки** на ѕидните површини?*







## Решение во 3 чекори:

1. Зајакнување на помалку квалитетната подлога (по потреба)
   1x JUPOL Gold или 1 x JUKOLprimer (JUKOLprimer : вода = 1 : 1)
2. Блокада на дамки и завршен слој: 2x - 3x JUPOL Block
   (нијанси по тон карта на JUB - пастелни нијанси)
3. Доколку сакате поинтензивни нијанси, Ви препорачуваме употреба на JUPOL Gold или JUPOL Brilliant како завршен слој



# JUB - ови фасади
# Референтни објекти во Македонија

Преглед на референтни објекти изработени во изминатиот период од 2015 год. каде правилно се вградени наши фасадни материјали.



*Објект Демир Хисар - Jubizol standard /Jubizol akryl finish T 2.0mm (4592, 1505, 1501), изведувач Октоклис/Струга*



*Објект Прилеп -Jubizol standard/ Jubizol akryl finish T 2.0mm (4660, 1445), изведувач Вевчанец/Струга*





Објект нас. Чаир Скопје - Jubizol akryl finish T 2.0mm (1142), MAZ 2.0mm (1094), изведувач Гипс Имобилиа/Скопје




Објект Центар Скопје – MAG 1.5mm (бел), Acrylcolor - изведувач Гама Инженеринг /Вевчани



# *Сите нијанси на вашите омилени чувства*

**Животот е рингишпил од нијанси на бои, а оние кои ни го одземаат здивот, сакаме да траат вечно.**

Оние чувства, кога ќе се чувствувам себе си во совршена рамнотежа и мир; чувствата кои во нас будат стремеж за повеќе. Оние кои се водечки. Она што дава вистинско значење и вредност на животот. Основа.
Во овој број на JUB Магазин, ви претставуваме четири тонови: WISDOM, FREEDOM, HONOUR и VITALITY. На вас останува, да доживеете со истите, многу убави моменти.




Годишен спектар на длабочините на мудроста.




Нијанси на огромни пространства од синото небо.




Проsирни нијанси на тиркизни делови..




Живата моќ на зелената боја.

** Нијансите се по новата тон карта на JUB која ќе се применува од септември 2016.*

JUB | JUPOL

*Сакате боја која е отпорна на бришење* ***повеќе пати?***







## ТРИ ГЛАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ:

1. 10-ПАТИ ПОГОЛЕМА ПЕРИВОСТ во споредба со обична внатрешна боја
2. Боја СУПЕР ОТПОРНА НА ДАМКИ
3. 5 години гаранција на непроменливи својства на филмот од боја.*




* Гарантните услови се наведени во гаранцијата.



# *JUB во Македонија*

# вeќе 10 години

**По повод нашиот јубилеј од 10 години, во овој број на JUB Магазин, решивме да ви се представиме со по некоја реченица за самите нас во оваа компанија. Се надевам дека ќе разберете уште по нешто за секој од нас. Ќе започнеме според времето поминато во JUB дооел Скопје, по ред.**



Да, моето работно место ми е водач веќе 10 години, со многу голема мотивација за работа. Чест ми е што најдолго сум во овој тим, а пред сѐ што сум во компанија која постои повеќе од 140 години, која не застанала во времето и секогаш има многу ново што да понуди како на нас вработените, така и на сите наши крајни корисници. Најнапред ми е задоволство кога ќе слушнам позитивни коментари од нашите купувачи за навремена испорака на роба, задоволство ми е што нѐ читате во JUB Магазин веќе 9 години, на кој весник со помош на моите колеги сум јас уредник, задоволство ми е што се дружам со секој од Вас при нашите телефонски разговори, нашата Facebook страна, нашата web страна ..., но поголемо е задоволството кога и лично ќе се запознаеме за да ги дообјасниме нештата.
Се надевам дека уште долго ќе соработуваме.



Мојата приказна со JUB започна во 2006 година, кога на саемот за градежништво се запознав со претставници од JUB Србија: генералниот директор, комерцијалниот директор и директорот за извоз. Со нив имав пријатен разговор, па по неполна година добив понуда да работам во новооснованата фирма во Македонија JUB дооел Скопје, на позиција директор. Не ја познавав доволно браншата, бидејќи до тогаш работев во областа на стоки за широка потрошувачка, па за мене тоа беше голем предизвик.
Но по кратко размислување, прифатив и од Јуни 2007 година станав дел од големото семејство на JUB. За кратко време, но со големи залагања, успеав да навлезам во водите на оваа за мене сосема нова бранша. Во тоа време фирмата не беше потполно екипирана, па морав да вложам дополнителни напори да направам „тим" од соработници, кој во најголема мерка и денеска функционира. Она што и ден денеска ме инспирира и мотивира, не е само основната потреба да се биде вработен, туку и филозофијата на компанијата JUB која ја красат некои изрази како:
„JUB боите го менуваат домот", или
„Создаваме обоена топлина во Вашиот дом", или
„Да го воодушевиме купувачот" и.т.н.
Никогаш нема да ја зборавам мислата на еден мој поранешен колега дека ние во JUB се водиме од девизата: „Менувај се кога не мораш, бидејќи кога ќе мораш ќе биде касно".
Водени од оваа девиза ние во JUB се трудиме на пазарот да му понудиме најиновативни решенија за завршни работи во градежништвото, а и сето свое знаење да им го пренесеме на нашите потрошувачи, било да се тоа професионалци, или обични инвеститори. Можам да кажам дека за овие 10 години, ние вработените во JUB Македонија постигнавме многу и дадовме придонес за едукација на домашниот пазар за новите технологии и знаења од областа на завршните работи во градежништвото, а со самото тоа и кон зголемување на стандардите од оваа област. Функционираме помалку или повеќе како семејство, со огромна синергија, ентузијазам и тимски дух. Она што најмногу ме исполнува е што со сите колеги, во секое време можам да се чујам на телефон, да седнам на кафе, да разговарам, како за службени, така и за приватни работи. Со сите си одиме на гости, на родендени, слави и разни други прослави, а традиционално славиме и Нова година во полн состав, вклучувајќи ги и нашите семејства. Тоа е нешто што „со пари не се купува". Се надевам дека овој „тим" на JUB Македонија уште долго ќе егзистира и успешно ќе функционира, па заедно да прославиме и 20, 30, 40...години од нашето постоење.

Тековнава 2016 год. за JUB Дооел Скопје е јубилејна бидејќи прославува 10 год. од основањето како фирма ќерка на матичната фирма JUB од Љубљана, а од 2007 па до сега и јас вработен како техничко комерцијален претставник во фирмата сум дел од јубилејниот Тим на JUB Доеел Скопје. Искуството во оваа бранша кое претходно го стекнав во друга фабрика врзано за подготвувањето и производството на материјали за завршни работи во градежништвото, овде во JUB Дооел Скопје со задоволство можам да кажам дека го надградив, комплетирајќи го со последниот сегмент – презентирањето и продажбата на производите на JUB. Динамичната теренска работа, која опфаќа





посети на индивидуални, станбени и деловни објекти каде на лице место на инвеститорите и изведувачите им се дава сета техничка и логистичка помош за сите наши материјали, па преку директни теренски презентации за материјалите и нивното правилно вградување за сите целни групи (инвеститори, архитекти, изведувачи,..), не ми претставува проблем кога знам дека зад себе имам познат бренд на кој му верувам и кој не случајно на пазарот е повеќе од 140 год. Тимската работа, постојаната достапност и постојаната квалитетна комуникација не само со моите колеги во фирмата, туку пред сé и со сите лица на кои основна дејност им е градежништвото, а посебно завршните материјали, е мотото по кое се водев до сега и кое ќе го практикувам и во иднина, бидејќи сум сигурен дека тоа е проверена формула за успешна работа.



Моите почетоци во JUB се од Септември 2007год, како Комерцијалист-истражувач на пазарот и оваа успешна приказна трае и до ден денес. Работам во пријатно опкружување, сакам да комуницирам со купувачите, па и да уживам во сето тоа. JUB има најквалитетни производи, но од друга страна, сето тоа не вреди ако производот не е познат и достапен за крајните потрошувачи. Мојата задача, тука е да го заинтересирам купувачот, но и да го охрабрам да ги набави нашите производи. Најчесто патувам и ги посетувам постоечките клинети, но исто така и потенцијалните, затоа е неопходно во потполност да ги владеам производите поради тоа што неретко се наоѓам во ситуација каде треба да ги демонстрирам или елаборирам истите. Додека го пишувам текстов ми се навратија убави спомени за почетоците во JUB кој во кратки црти ќе ги спомнам. Се пријавив на оглас за комерцијалист истражувач на пазарот кој го имаше објавено JUB, но интересно е тоа што јас претходно работев како комерцијалист во Транспорт и Шпедиција и немав никакво предходно искуство за бои лакови а посебно за фасади. На интервјуата поминав позитивно. Предизвикот стана, уште поголем кога бев примен на работната позиција за која конкурирав и каде што морав да научам за производите и поимите од типот Акрилен, Алкиден, Силикатен ... но тука имав голема подршка од нашите поискусни колеги од Словенија, кој несебично ни го пренесуваа нивното искуство. За овие години работа во JUB, со колегите сме еден вид семејство, а исто така и со некои од комintентите станавме блиски преку дружењата кој ги организира JUB, и можам да кажам дека како тие што можат да се потпрат на нашата доверба и кавлитет, така и ние на нив, па и по некој совет од нив е постојано добродојден.



Како секој млад човек така и јас имав потреба да се почувствувам самостоен, а првиот чекор кон таа цел е самиот да ги заработиш првите сретства и да се почувствуваш како придонесуваш за себе и своите најблиски. Уште во 2000-та година започнав повремено со работа во областа на завршните работи на градежништвото и постепено го надградував моето искуство... Во 2012 година започна мојот работен однос во JUB како демонстратор - инструктор за примена на материјали. JUB како компанија која има голем пазар во Европа и пошироко така и искуството со кое се здобив е големо, преку професионални интерни обуки, презентации, семинари и се она што една компанија вложува за своите вработени да ги мотивира и професионално надгради. Дел од моите обврски во JUB се: практичните обуки за изведувачите од различни профили како и во делот на одржување на JUMIX Системите во Македонија.




# *JUB Design studio*

# Виножито од бои

**Со помош на нашите стручни лица од Словенија, можете да го видите вашиот објект од другата страна – како би изгледал завршен со нијанса, пред да се одлучите што точно да вградите.**

Употребувајќи ги нашите завршни материјали во системот JUBIZOL, ќе го имате завршниот изглед пред било што да одлучите. Нашите Вам добро познати завршни малтери во гранулации од 1.0; 1.5; 2.0 и 2.5 се:
- Jubizol Acryl Finish S,
- Jubizol Acryl Finish T,
- Jubizol Nano Finish S,
- Jubizol Silicate Finish S,
- Jubizol Silicate Finish T,
- Jubizol Silicone Finish S,
- Jubizol Silicone Finish T, како и малтери од ситно дробен мермер, најчесто користен за цокле и делови од фасадната површина кои скаме да ги истакнеме:
- Jubizol Kulirplast 1.8
- Jubizol Kulirplast 1.8 premium
- Jubizol Kulirplast 2.0





*индивидуална куќа - Св. Николе*
*Нијанси: 1143, Kulirplast Premium 1.8 нијанса 615*





*индивидуална куќа - Скопје*
*Нијанси: 1121, 1495 Kulirplast 1.8 нијанса 710*





*индивидуална куќа - Скопје*




*Предлог. 1   Нијанси: 1492, 1494 и 1001*




*Предлог. 2   Нијанси: 1001 и Kulirplast 1.8 Нијанса 420*

Уживајте во неколкуте предлози кои ги изработивме во 2015 год. Доколку се одлучите и Вие за ваков тип на предлог, можете да ни се обратите на тел: 02/2454-027 или на e-mail: jub@jub.com.mk

*Сакате боја, која дава **чувство на топлина?***






# 3 главни карактеристики:

1. Системот Thermo* нуди ***заштеда при греење*** заради изолациските карактеристики до 2 EUR/m² фасадна површина во лето**
2. Системот дава ***чувство на топлина.***
3. наменет е за ***премостување*** на помали ***ладни мостови***.







** Систем Thermo = JUPOL Thermo + маса за израмнување JUBOLIN Thermo.*
*** Важи за бетонски ѕидови.*

JUB 140 years

**JUB д.о.о.е.л. - Скопје**
бул. Јане Сандански бр.79 а-3
МК 1000 Скопје
**T**: 00389 2 24 54 027
**Ф**: 00389 2 24 55 235 **E**:jub@jub.com.mk
**Членка на групацијата JUB**



www.jub.eu

Since
Од година 1875